Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-206/2
Дата: 24-04-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 206/1 од 02.03.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје со живеалиште на [redacted] против Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 24.04.2023 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**за отфрлање на претставка поради ненадлежност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под бр. 08 – 206/1 од 02.03.2023 година, поднесена од [redacted] против Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија **заради ненадлежност**.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 02.03.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка, заведена под бр. 08 – 206/1, поднесена од [redacted] против Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Во претставката се наведува дека подносителката на претставката и нејзиното семејство не се приматели на социјална помош, и покрај тоа што, според тврдењата од претставката ним им следува повеќе отколку на останати лица кои без потреба се приматели на социјална помош. Воедно, подносителката наведува дека не можела да се запише на факултетот за исламска религија и покрај тоа што средното образование го завршила со одличен успех. Тоа од причина што вработена во Министерството за образование и наука ѝ кажала дека не ги исполнува условите за стекнување на студентска стипендија, односно дека таков вид на стипендија е наменет за студентите од втора година кои ги исполнуваат условите. Заради тоа подносителката тврди дека вработената во Министерството ја излажала и дискриминирала.

По разгледувањето на претставката, Ве информираме дека адресираниот проблем не спаѓа во рамки на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Комисијата нема надлежност да ги оценува условите кои се предвидени за стипендирање, кога истите не содржат дискриминирачки одредби. Оттука, Комисијата нема надлежност да го преиспитува поединечното стипендирање на учениците/студентите, кога предвидените услови важат за сите ученици/студенти подеднакво.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација нема надлежност ниту да одлучува за стекнување на правото на социјална помош. Системот на социјална заштита во Република Северна Македонија се уредува со Законот за социјална заштита, Законот за заштита на деца, Законот за семејството, Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност и Законот за социјална сигурност на старите лица.

Доколку подносителката смета дека ѝ следи материјална помош од социјална природа, потребно е да се обрати до надлежниот орган – Меѓуопштински центар за социјални работи.

Согласно наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
24.04.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]